Број 17 Година IX

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 846/5 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1.Се објавува Одлуката за вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 846/5 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8654/1**
**Датум: 11.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12,95/13 и 109/14), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 10 декември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 846/5 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-4525 од 18.08.2011 година, на Родољуб Николовски од Скопје, за објект на КП бр.846/5 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13 и 109/14).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 07-8400/4**
**Датум: 10.12.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за именување членови на Советот на млади на Општина Карпош**

1.Се објавува Решението за именување членови на Советот на млади на Општина Карпош, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8654/2**
**Датум: 11.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и членовите 38а, 38б, 38в, 38г, 38д, 38ѓ и 38е од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013 и 15/2014), Советот на Општина Карпош на дваесет и петтата седница, одржана на 10 декември 2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување членови на Советот на млади во Општина Карпош**

**Член 1**

Со ова решение Советот на Општина Карпош именува членови на Советот на млади во Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

**Член 2**

За членови во Советот на млади на Општина Карпош се именуваат:

- Павел Стаматов
- Берна Мемед
- Ангелина Васовска
- Филип Радевски и
- Томи Панов

**Член 3**

Мандатот на членовите на Советот на млади трае 2 години.

**Член 4**

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски,с.р.**

**Број: 07-8400/5**
**Датум: 10.12.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите**

1. Се објавува Одлуката за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8654/3**
**Датум: 11.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 15, став 1, точка 9 и став 5, како и член 6 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 21 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 4, став 2, член 34, став 1, точка 2 и член 94, став 3 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04; 49/04; 86/08; 85/09; 124/10; 18/11 и 41/14), како и врз основа на Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.12/06), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 10 декември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите**

**Член 1**

Заради спроведување на подготовки и превземање мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи и отстранување на последици предизвикани од нив се определува начинот за формирање на Просторни сили за заштита и спасување, за дејствување на подрачјето на Општина Карпош, како и видот, големината и нивото на организирање.

**Член 2**

Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи и отстранувањето на последиците предизвикани од нив е работа од јавен интерес за Општина Карпош.

Заштитата и спасувањето во Републиката, покрај другите субјекти наведени во Законот ги спроведуваат и органите на Општината.

**Член 3**

Заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добро од причините наведени во член 2 на оваа Одлука, Градоначалникот на Општина Карпош формира Просторни единици и Штаб за заштита и спасување на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 4**

Просторните сили за заштита и спасување за дејствување на подрачјето на Општина Карпош Градоначалникот ги формира како:

- Специјализирани единици и
- Универзални сили.

**Член 5**

Специјализираните единици во Просторните сили за заштита и спасување се:

- Прва медицинска помош;
- Противпожарна заштита;
- Спасување од поплави;
- Комунални работи;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло;
- Извидување на теренот;
- Асанација на теренот и
- Други мерки за заштита и спасување што би се појавиле како специфични и непредвидени со оваа Одлука.

**Член 6**

Универзалните единици во просторните сили за заштита и спасување се формираат исклучиво од Градоначалникот на Општина Карпош и се опремуваат, обучуваат и оспособуваат за давање на:

-Прва медицинска помош;
- Гаснење на помали почетни пожари;
- Спасување на загрозени и затрупани лица во плитки урнатини;
- Спасување од поплави;
- Учество во засолнување и
- Евакуација и згрижување на населението.

**Член 7**

Универзалните единици во Просторните сили за заштита и спасување се во големина на вод.
За подрачјето на Општина Карпош се формира универзална единица во големина на вод составена четири одделенија. Единицата што е формирана ќе дејствува на подрачјето на Општина Карпош, како единствен систем за заштита и спасување.

**Член 8**

Просторната универзална единица за заштита и спасување во својот состав има командант, командири и одреден број на извршители.

Командите се составени од командир, заменик командир и извршители, кои ги именува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 9**

Штабот за заштита и спасување што се формира од страна на единицата за локална самоуправа во својот состав има:

- Командант на Штаб;
- Началник на Штабот;
- Помочници на началникот на штабот и
- Извршители за административно-технички и оперативни работи.

Телото и лицата од став 1 на овој член со Решение ги именува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 10**

Одлука за формирање на Просторни сили за заштита и спасување донесува, Советот на Општина Карпош.

**Член 11**

Материјалните средства на Просторните сили за заштита и спасување кои се формираат за дејствување на подрачјето на Општина Карпош и кои ги формира Градоначалникот на Општина Карпош, (како на пример теренско возило, шатори, чамци, пумпи, униформи, носилки, лопати, копачи, гребла и друго), се обезбедуваат од Буџетот на Општина Карпош.

Финансиските средства за потребите на заштитата и спасувањето, се обезбедуваат од сопствените средства на Општина Карпош во согласност со Закон.

Просторните сили за заштита и спасување на Општина Карпош можат да примаат донации, во согласност со Закон.

**Член 12**

Одлука за евентуалната потреба од обуки и презентации на Просторните сили за заштита и спасување, донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, дејствуваат на подрачјето на Општина Карпош, каде што ќе се појави потреба за тоа.

**Член 13**

Со Просторните сили за заштита и спасување и со другите учесници ангажирани во заштитата и спасувањето раководи Штабот за заштита и спасување.

Со просторните сили за заштита и спасување, командува Командантот на Штабот за заштита и спасување и командирите на единиците.

**Член 14**

Командувањето со силите за заштита и спасување се заснова врз принципите на едностарешинство, субординација и единство командувањето при употреба на силите и средствата и обврските за извршување на наредбите на претпоставениот старешина.

**Член 15**

Начинот на раководењето и командувањето со силите за заштита и спасување и командите се пропишани со Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/06), донесена од на Владата на Република Македонија.

**Член 16**

Со стапувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за начинот на формирање на просторните сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите под бр.07-6095/3 од 12.12.2006 год.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 07-8400/6**
**Датум: 10.12.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „ПИКОЛОНИ“-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „ПИКОЛИНИ“-Скопје, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8654/4**
**Датум: 11.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 10 декември 2014 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –детска градинка „ПИКОЛИНИ“ – Скопје**

1.Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца - детска градинка „ПИКОЛИНИ” Скопје, донесен од основачите –Бисрека Мухиќ и Марина Сивакова Тасков.

2.Решението да се достави до Приватната установа за деца–детска градинка „ПИКОЛИНИ” - Скопје.

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 07-8400/7**
**Датум: 10.12.2014 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 10 декември 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила до денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-8654/5**
**Датум: 11.12.2014 год.**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и петтата седница, одржана на 10 декември 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се усвојува барањето за доделување на финансиски средства како материјална поддршка за реализирање на предвидените активности на клубот од првата кошаркашка лига „КК Карпош Соколи“–Општина Карпош, бр.07-8329/1 од 28.11.2014 година.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 3.000.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма-Спорт и рекреација, ставка 464 – разни трансфери, подставка 464990 –други трансфери.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 07-8400/8**
**Датум: 10.12.2014 година**
**Скопје**

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за вклопување на бесправен објект, изграден на КП бр.846/5 КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
2. Решение за избор на членови на Советот на млади на Општина Карпош, со Решение за објава,
3. Одлука за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, како и видот, големината и организирањето на истите, со Решение за објава,
4. Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „ПИКОЛИНИ“-Скопје, со Решение за објава и
5. Одлука за одобрување на финансиски средства, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**